# Службен весник на Република Македонија

Број 14 | 24 јануари 2014, петок | година LXX

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 358. | **Закон** за изменување и дополнување на Изборниот законик .................. | 2 |
| 359. | **Закон** за дополнување на Кривичниот законик ........................................ | 25 |
| 360. | **Упатство** за спроведување на Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар ................................................... | 26 |
| | **Огласен дел**....................................... | 1-52 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**358.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 јануари 2014 година.

Бр. 07 – 429/1
23 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Изборниот законик (“Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 63/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13 и 34/13), во членот 2 по точката 20 се додаваат осум нови точки 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28, кои гласат:

“21. “Изборен процес“ е времето од донесувањето на актот за распишување на изборите до објавувањето на конечните резултати од одржаните избори, на ниво на општина, градот Скопје, односно изборната единица каде што се врши изборот;

22. “Облици на изборно медиумско претставување“ се дневно-информативните емисии, програмите што им овозможуваат директен пристап на учесниците во изборната кампања до избирачите, и посебните информативни емисии;

23. “Дневно-информативни емисии“ се сите изданија на радио и на телевизиските вести и дневници;

24. “Директен пристап до избирачите“ се облиците на бесплатно политичко претставување и на платено политичко рекламирање, преку кои учесниците во изборната кампања слободно ги промовираат своите програми, ставови и кандидати;

25. “Бесплатно политичко претставување“ е директен пристап на учесниците во изборната кампања до избирачите, преку кој слободно и без паричен надоместок се промовираат изборните програми, ставови и кандидати;

26. “Платено политичко рекламирање“ е директен пристап на учесниците во изборната кампања до избирачите, преку кој за паричен надоместок се промовираат изборните програми, ставови и кандидати. Видови на платено политичко рекламирање се огласи, соопштенија, политички изборни спотови, музички спотови што функционираат како химни на учесниците во изборната кампања, преноси или снимки од митинзи, средби и други настапи на учесниците во изборната кампања;

27. “Посебни информативни програми“ се програми наменети за информирање на граѓаните за начинот и за техниката на гласањето и за остварувањето на избирачкото право и информативно-политички програми жанровски реализирани како интервјуа, дебати или ТВ/радио соочувања: актуелно информативни програми, актуелно информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми и

28. “Изборно медиумско претставување“ е промовирање (непосредно или посредно) на ставови, програми, платформи, достигнувања, активности и друго на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници.“

Член 2

Членот 8-а се менува и гласи:

“(1) Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може:

- да се располага со буџетски средства на Република Македонија, средства на буџетите на општините и градот Скопје, од јавни фондови и средства на јавни претпријатија и јавни установи или правни лица кои располагаат со државен капитал,
- да се започне изградба со средства од Буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од Буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година и
- да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови ниту да се отуѓува државен капитал ниту да се потпишуваат колективни договори.

(2) Во периодот од 20 дена пред започнувањето на изборна кампања па до завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите и до завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може:

- да се исплаќаат субвенции кои не се редовни месечни исплати и
- да се одржуваат јавни настани по повод започнувањето на изградба или пуштање во употреба на објекти со средства од Буџетот или од јавни фондови, или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти. Под забрана за одржување на јавни настани не се подразбира особено давање на јавна изјава на носител на јавна функција или кандидат за носител на јавна функција на митинг, интервју на медиум, дебата на медиум или одговор на новинарско прашање.

(3) Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје, Министерството за финансии е должно сите буџетски исплати, освен редовните плати, пензии и комунални трошоци, да ги објавува јавно на интернет страница во посебна база за буџетски трошоци во изборен период.

(4) Министерството за финансии две недели по распишување на изборите поднесува предизборен финансиски извештај во кој ќе биде опфатен преглед на сите планирани и реализирани приходи и расходи од Буџетот по ставки во периодот од почетокот на фискалната година до денот на поднесувањето на извештајот кој се објавува на веб страницата на Министерството за финансии."

Член 3

Во членот 11 ставот (1) се менува и гласи:

„За дејствијата, актите, поднесоците и други списи во врска со спроведувањето на изборите, набавката на стоки, работи и услуги за потребите на изборниот процес, не се плаќа царина и данок."

Член 4

Во членот 16 став (1) зборовите: "во втората половина во месец март" се заменуваат со зборовите: "во првата половина во мај".

Член 5

Во членот 18 став (1) се додава нова алинеја, која гласи:

"- лице кое не ги исполнува посебните услови утврдени со овој закон,".

Во ставот (2) алинеја 1 по зборовите: „Државната изборна комисија" сврзникот „и" се заменува со запирка, а по зборовите: „Државната комисија за спречување на корупција" се додаваат зборовите: „и вработените во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги".

Член 6

Во членот 19 став (2) зборовите: „чијашто функција нема карактер на професионален ангажман" се заменуваат со зборовите: „и изборната администрација".

Член 7

Во членот 21 ставот (4) се менува и гласи:

"За спроведување на ставовите (1), (2) и (3) на овој член Државната изборна комисија со акт го утврдува составот на членовите на општинските изборни комисии, односно Изборната комисија на градот Скопје и избирачките одбори."

Член 8

Во членот 22 став (4) зборот „седум" се заменува со зборот „два".

Член 9

Во членот 31 став (2) точка 13 по зборот "кандидати" се додаваат зборовите: „и набавка на системот за идентификација на избирачот".

Во точката 25 по зборот "избори" се додаваат зборовите: "во рок од 45 дена од денот на објавувањето на конечните резултати од изборите на ниво на општина, градот Скопје, односно изборна единица каде што се врши изборот".

Во точката 27 по зборот "комисија" се додаваат зборовите: "во рамките на која се организира и систематизира правна служба".

Во точката 35 зборовите: „ако има најмалку два приговори за соодветното избирачко место" се бришат.

Во точката 40 по кратенката „ДКП" се додаваат зборовите: "и избирачки одбор за гласање на членовите на избирачките одбори во ДКП, односно конзуларните канцеларии".

По точката 40 се додава нова точка 40-а, која гласи:

"40-а) донесува Упатство за организирање на гласањето на членовите на избирачките одбори во ДКП, односно конзуларните канцеларии;".

Во точката 43-б по зборот „страница" се додаваат зборовите: „во рок од 48 часа од денот на усвојувањето".

Член 10

Во членот 38 став (4) по зборовите: "Претседателот на избирачкиот одбор и неговиот заменик" се додаваат зборовите: "се избираат од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје, со високо образование", а по зборовите: "градот Скопје" се додаваат зборовите: "со најмалку средно образование".

По ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Политичките партии од ставовите (5) и (6) на овој член за секои избори доставуваат нови предлози за членови на избирачки одбори и нивните заменици."

Ставот (8) станува став (9).

Член 11

Членот 38-а се менува и гласи:

„(1) Гласањето во ДКП го спроведува избирачки одбор составен од претседател и четири члена.

(2) Претседателот и членовите имаат заменици.

(3) Претседателот се избираат од редот на дипломатите, вработени во соодветното ДКП, по случаен избор за време од четири години.

(4) Заменикот на претседателот, два члена и нивните заменици се избираат од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје по случаен избор за време од четири години.

(5) Другите членови и нивните заменици се избираат согласно со членот 38 од овој закон."

Член 12

По членот 38-а се додава нов член 38-б, кој гласи:

„Член 38-б

За гласање на членовите на избирачките одбори за гласање во ДКП, односно конзуларните канцелари составот на избирачкиот одбор за гласање во ДИК е идентичен со составот на избирачките одбори за гласање во Република Македонија кој се формира согласно со членот 38 од овој закон."

Член 13

Во членот 43 став (3) зборот "двапати" се заменува со зборот "четирипати", а по зборот „февруари" се става запирка и се додаваат зборовите: "од 1 до 10 мај, од 1 до 10 септември и од 1 до 10 декември", а зборовите: "и од 1 до 10 јули" се бришат.

Член 14

Во членот 45 став (2) зборовите: "и ознака со ѕвездичка за лицата кои се на привремена работа или престој во странство, а кои не доставиле пријава за гласање во ДКП" се бришат.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат на привремена работа или престој во странство, а кои не доставиле пријава за гласање во ДКП, се запишуваат во посебни изводи на Избирачкиот список за гласање во Република Македонија.“

Член 15

Во членот 46 по зборот “установи” се додаваат зборовите: “и во Државната изборна комисија”.

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- за гласање на членовите на избирачките одбори за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии.“

Член 16

Во членот 47 се додава нова алинеја, која гласи:

„- за членовите на избирачките одбори за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии првиот примерок е систематизиран според избирачко место, општина и изборна единица и во забелешката стои ДИК, а вториот примерок е систематизиран според ДИК, а во забелешката стои избирачко место, општина и изборна единица.“

Член 17

Во членот 49 став (4) бројот “15“ се заменува со бројот “20“.

Член 18

По членот 49 се додава нов член 49-а, кој гласи:

“Член 49-а

(1) Во рок од пет дена од денот на завршувањето на јавниот увид Државната изборна комисија избирачкиот список го доставува до политичките партии.

(2) Политичките партии во рок од пет дена од денот на приемот на избирачкиот список до Државната изборна комисија доставуваат барање за запишување, дополнување или бришење на податоци.

(3) Државната изборна комисија по поднесеното барање одлучува со решение во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на решението.

(5) Управниот суд е должен да одлучи во рок од 24 часа од денот на приемот на тужбата.“

Член 19

Во членот 51 став (1) по зборот “барањата“ се додаваат зборовите: “и пријавите“, а по зборовите: “членот 50“ се додава зборовите: “и членот 50-а“.

Член 20

Во членот 53 став (1) бројот “50“ се заменува со бројот “49“.

Член 21

Во членот 60 став (4) зборовите: “општината, односно изборната“ се заменуваат со зборовите: “општината/те, односно изборната/те“.

Член 22

Во членот 64 по ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

“(6) Договорот за коалицирање, потврдата од Централниот регистар и решението од надлежниот суд за регистрација на политичката партија, кои се доставуваат во прилог на поднесената листа на кандидати, се поднесуваат во оригинал или во копија заверена на нотар.

(7) По исклучок од ставот (6) на овој член договорот за коалицирање, потврдата од Централниот регистар и решението од надлежниот суд за политичката партија, кои се поднесуваат во прилог на поднесената листа на кандидати за избор на членови на совет, односно градоначалник, се поднесуваат во оригинал или копија. Доколку бидат поднесени во копија, оригиналот од договорот за коалицирање, потврдата од Централниот регистар и решението од надлежниот суд за политичката партија се депонира во Државната изборна комисија.“

Член 23

Во членот 66 став (4) бројот “35“ се заменува со бројот “30“.

Член 24

По членот 67 се додаваат три нови члена 67-а, 67-б и 67-в, кои гласат:

**“6. Постапка во случај на смрт на кандидат на потврдена кандидатска листа за член на совет на општината и градот Скопје**

Член 67-а

(1) Ако некој од кандидатите на потврдената кандидатска листа умре во периодот од денот на потврдувањето на кандидатските листи, политичката партија, односно коалиција, кои го предложиле тој кандидат, можат на местото на истиот да предложат друг кандидат, а ако е предложен од страна на група на избирачи може наместо него да предложат друг кандидат без собирање на потписи во постапката за кандидирање утврдена со овој закон, во период до десет дена пред денот на одржувањето на изборите.

(2) Кандидатот кој починал ќе се избрише од кандидатската листа, а кандидатот со кој е дополнета кандидатската листа ќе биде ставен на местото на кое бил предложен починатиот кандидат или ставен на последно место на кандидатската листа, при што во тој случај редоследот на другите кандидати од листата предложени на листата под кандидатот кој починал се поместуваат за едно место погоре.

(3) Ако кандидатот кој починал е носител на листа, листата ќе се дополни на начин утврден во ставот (2) на овој член, а носител на листата ќе стане кандидатот од кандидатската листа предложен од предлагачот на листата.

(4) Кандидатската листа дополнета со нов кандидат согласно со ставовите (2) и (3) на овој член се објавува на начин утврден со овој закон за објавување на единствената листа во рок од 24 часа од денот на дополнувањето на кандидатската листа.

(5) Ако некој од потврдените кандидати на кандидатските листи умре во период пократок од десет дена пред одржувањето на изборите, кандидатската листа останува во сила.

**7. Постапка во случај на смрт на кандидат на потврдена кандидатски листи за избор на градоначалник**

Член 67-б

(1) Ако некој кандидат од потврдена кандидатска листа за избор на градоначалник умре во периодот од денот на потврдувањето на кандидатската листа политичката партија, односно коалиција, кои го предложиле тој кандидат, можат на местото на истиот да предложат друг кандидат, а ако е предложен од страна на група на избирачи може наместо него да предложат друг кандидат без собирање на потписи во постапката за кандидирање утврдена со овој закон во период до десет дена пред денот на одржувањето на изборите.

(2) Кандидатската листа заменета со нов кандидат согласно со ставот (1) на овој член се објавува на начин утврден со овој закон за објавување на единствената листа во рок од 24 часа од денот на извршената измена на кандидатот на кандидатската листа.

(3) Ако некој од потврдените кандидати на кандидатските листи умре во период пократок од десет дена пред одржувањето на изборите, замената на кандидатот на кандидатската листа ќе се изврши во постапка пропишана во ставовите (1) и (2) на овој член, а надлежната изборна комисија во соработка со ДИК ќе определи поместување на датумот на одржувањето на изборите за таа општина за 14 дена.

**8. Постапка во случај на смрт на кандидат на потврдена кандидатски листи за избор на пратеници**

Член 67-в

(1) Ако некој од кандидатите кои се предложени на потврдената кандидатска листа за избор на пратеници умре во периодот од денот на потврдувањето на кандидатските листи, политичката партија, односно коалицијата, кои го предложиле тој кандидат, можат на местото на истиот да предложат друг кандидат, а ако е предложен од страна на група на избирачи може наместо него да предложат друг кандидат без собирање на потписи во постапката за кандидирање утврдена со овој закон, најдоцна десет дена пред денот на одржувањето на изборите.

(2) Кандидатската листа заменета со нов кандидат согласно со ставот (1) на овој член се објавува на начин утврден со овој закон за објавување на единствената листа во рок од 24 часа од денот на извршената измена на кандидатот на кандидатската листа.

(3) Ако некој од потврдените кандидати на кандидатска листа умре во период пократок од десет дена пред денот на одржувањето на изборите, ќе се постапи на начин што кандидатот кој е починат, а е избран за пратеник ќе се замени со првиот нареден кандидат кој не е избран, а е предложен од политичката партија која ја предложила кандидатската листа, односно еден од наредните кандидати кој не е избран, а ќе го предложи носителот на коалицијата. Кандидатот кој починал, а е избран од независна листа во изборната единица се заменува со првиот нареден кандидат кој не е избран од таа листа.“

Точката 6 станува точка 9.

Член 25

Во членот 68 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

“(3) Листите на кандидати предложени од коалиција предводена од една иста политичка партија, без разлика на бројот на политичките партии во коалицијата во различни општини, односно изборни единици, имаат ист реден број во сите општини, односно во сите изборни единици.“

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 26

Во членот 69 став (1) бројот “30“ се заменува со бројот “25“.

Во ставовите (2) и (4) бројот “25“ се заменува со бројот “23“.

Член 27

Во членот 69-а по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Во случај на поднесен приговор за непочитување на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член Државната изборна комисија е должна да ги испита наводите и да постапи по поднесениот приговор во рок не подолг од седум дена од денот на поднесувањето на приговорот.“

Член 28

Во членот 74 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

“(2) Во случај на поднесен приговор за непочитување на одредбата од ставот (1) на овој член Државната комисија за спречување на корупција е должна да ги испита наводите и да постапи по поднесениот приговор во рок не подолг од седум дена од денот на поднесувањето на приговорот.“

Член 29

Членот 75 се менува и гласи:

“(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис и трговските радиодифузни друштва што одлучиле да ги покриваат изборите се должни тоа да го прават на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно информативни програми, актуелно информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.

(3) Програмите наменети за малолетната публика не смеат да се користат за изборно медиумско претставување.“

Член 30

Членот 75-а се менува и гласи:

“(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалан¬сирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

а) за избор на претседател на Републиката, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за претседател и во првиот и во вториот круг од изборите;

б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници и

в) за локалните избори:

- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите и

- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

(3) Од принципот на пропорционалност, односно еднаквост, се иззема платеното политичко рекламирање.“

Член 31

По членот 75-а се додаваат пет нови члена 75-б, 75-в, 75-г, 75-д и 75-ѓ, кои гласат:

“Член 75-б

Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите, во периодот од денот на распишувањето на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.

Член 75-в

(1) Уредници, новинари, водители на програма и презентери ангажирани во подготвување на програми на радиодифузерите не смеат да учествуваат во предизборни активности на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници, односно учесници во изборна кампања.

(2) Доколку се определат да учествуваат во вакви активности, нивниот ангажман во програмите на радиодифузерите им мирува од денот на распишувањето на изборите до нивното завршување.

Член 75-г

(1) Радиодифузерите се должни да го снимаат излезниот сигнал на својата програма од денот на распишувањето на изборите до нивното завршување, а снимките од целокупната програма да ги чуваат најмалку 30 дена по завршувањето на изборите.

(2) На барање од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радиодифузерите се должни најдоцна во рок од 48 часа од добивањето на барањето на Агенцијата да и достават снимки од бараната емитувана програма, како и други податоци поврзани со медиумското покривање на изборите.

Член 75-д

(1) Од денот на распишувањето на изборите па се до почетокот на изборната кампања, радиодифузерите и печатените медиуми не смеат да емитуваат, односно да објавуваат платено политичко рекламирање, освен огласи и соопштенија за собирање потписи за поддршка на кандидатура на група избирачи.

(2) Огласите и соопштенијата за собирање потписи за поддршка на кандидатура на група избирачи, трговските радиодифузни друштва треба да ги емитуваат само во означени рекламни блокови во рамките на дозволеното време за рекламирање на еден реален час емитувана програма во времетраење од вкупно 12 минути од кои за еден учесник во изборната кампања можат да одвојат најмногу 8 минути, при што нарачателот треба да биде јасно означен.

(3) Огласите и соопштенијата од ставот (2) на овој член треба да содржат само основни податоци за кого се собираат потписи, на кои места граѓаните можат да го дадат својот потпис и во кој временски период од денот. Тие не смеат да содржат дополнителни податоци за кандидатите.

(4) Од денот на распишувањето на изборите се до нивното завршување, радиодифузерите и печатените медиуми не смеат да емитуваат, односно да објавуваат реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на општините и на градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања.

Член 75-ѓ

(1) За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат 12 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање од кои за еден учесник во изборната кампања можат да одвојат најмногу 8 минути.

(2) Радиодифузерите и печатените медиуми се должни во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите да утврдат ценовници за платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес.

(3) Во периодот од утврдување на ценовниците до започнување на изборната кампања, радиодифузерите и печатените медиуми се должни најмалку двапати јавно да ги објават ценовниците од ставот (2) на овој член на своите програми, односно во своите печатени изданија.

(4) Печатените медиуми се должни ценовниците од ставот (2) на овој член да ги достават до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите, а радиодифузерите да ги достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите.

(5) Ценовниците не смеат да се менуваат во текот на изборната кампања.

(6) Радиодифузерите и печатените медиуми во Република Македонија се должни на сите учесници на изборниот прецес да им обезбедат рамномерен пристап за платено политичко рекламирање.“

Член 32

Во членот 76 по ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

„(6) Со цел за гласачите објективно да се информираат за текот на изборната кампања и заради заштита на новинарската професија од какво било политичко влијание за време на изборното медиумско претставување, посебните информативни програми не смеат да се користат како облик на платено политичко рекламирање.

(7) Кампањите на Државната изборна комисија за едукација на гласачите за остварување на избирачкото право и за фер и демократски избори не се сметаат за платено политичко рекламирање. Тие треба да бидат издвоени од другиот дел од програмата и нивниот нарачател да биде јасно означен.“

Член 33

Во Главата VI поднасловот „3. Медиумско следење“ се брише.

Член 34

Членот 76-а се менува и гласи:

“(1) Јавниот радиодифузен сервис е должен, без надоместок, во соработка со Државната изборна комисија, да ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласање и да емитува други информации поврзани со изборниот процес.

(2) За време на изборната кампања Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што една третина од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, една третина од времето за активностите од кампањата на политичките партии на власт и една третина од времето за активностите на политичките партиите во опозиција.

(3) Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии од власта и од опозицијата ќе биде распределено согласно со резултатите од последните парламентарни избори.

(4) Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди редовно информирање за изборниот процес и за лицата со оштетен слух.

(5) За време на изборната кампања, и во првиот и во вториот круг на гласање, Јавниот радиодифузен сервис е должен да емитува бесплатно политичко претставу-

вање на учесниците во изборниот процес во согласност со принципите за избалансирано покривање на изборите утврдени во членот 75-а од овој закон.

(6) Датумот и редоследот за емитување на бесплатно политичко претставување на учесниците во изборната кампања се утврдува со ждрепка.

(7) Бесплатното политичко претставување на телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис треба да се емитува во периодот од 16,00 до 23,00 часот.

(8) Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија во времетраење од по три часа ќе обезбеди бесплатно политичко претставување на кампањите на политичките партии на власт и на политичките партии во опозиција согласно со резултатите од последните парламентарни избори.

(9) Бесплатното политичко претставување мора да биде соодветно и видливо означено како „бесплатно политичко претставување" во текот на целото времетраење на емитувањето."

Член 35

Членот 76-б се менува и гласи:

"(1) За време на изборниот молк престануваат сите облици на изборно медиумско претставување на учесниците во изборна кампања.

(2) Радиодифузерите и за време на изборниот молк продолжуваат да известуваат за изборниот процес на денот на гласањето.

(3) При известувањето во деновите на изборниот молк ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите, какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите, податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето, како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии и од носители на функции во органите на власта."

Член 36

По членот 76-б се додаваат два нови члена 76-в и 76-г, кои гласат:

"Член 76-в

(1) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите.

(2) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна во рок од три дена по утврдувањето на прекршувања на одредбите од овој законик, против радиодифузерот што ги повредил одредбите, да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд.

(3) Надлежниот суд е должен по барање за прекршочна постапка од ставот (2) на овој член да одлучи во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(4) Против одлуката на надлежниот суд може да се изјави жалба во рок од 48 часа од приемот на одлуката.

(5) Второстепениот суд е должен по жалбата да одлучи во рок од 48 часа од денот на приемот на жалбата.

(6) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доколку утврди прекршување на одредбите за избалансирано покривање на изборите од страна на Јавниот радиодифузен сервис, ќе поднесе предлог за покренување на постапка за разрешување на директорот на Јавниот радиодифузен сервис.

Член 76-г

(1) За исполнување на законските обврски на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги финансиски средства се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Република Македонија, кои се исплаќаат на посебна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

(2) Овие средства се наменети исклучиво за финансирање на активностите на Агенцијата за време на изборниот процес.

(3) Ако одобрените средства се поголеми од реалните трошоци направени за активностите на Агенцијата во врска со изборниот процес, остатокот од средствата Агенцијата е должна да го врати на сметката на Буџетот на Република Македонија."

Член 37

Во членот 77 став (1) по зборот "изборите" се додаваат зборовите: "за првиот и вториот круг на гласање".

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Резултати од испитувања на јавното мислење спроведени на самиот ден на изборите не смеат да се објавуваат пред 19,00 часот, односно пред затворањето на избирачките места."

Член 38

Во членот 83 став (2) алинеја 3 зборовите: „до 5% од вкупниот приход во претходната година" се заменуваат со зборовите: „од 50.000 евра во денарска противвредност".

Член 39

Во членот 83-а став (5) по зборот "вредност" се става запирка и се додаваат зборовите: "но не повисока од 50.000 евра во денарска противвредност".

Член 40

Во членот 84 по зборот "кандидат" се додаваат зборовите: „во првиот и вториот круг на гласање".

Член 41

Во членот 84-б по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Учесник во изборната кампања е должен еден ден пред одржувањето на вториот круг на гласање да поднесе финансиски извештај за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборната кампања за вториот круг на гласање."

Ставовите (2), (3), (4) и (5) стануваат ставови (3), (4), ( 5) и (6).

Член 42

Во членот 85 став (1) по зборовите: „завршување на изборната кампања" се додаваат зборовите: „за прв, односно втор круг".

Член 43

Во членот 88 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

"(5) По исклучок од ставот (4) на овој член во случај на неможност за обезбедување на средствата за спроведување на локалните избори поради блокирана жиро-сметка од страна на општината и градот Скопје, средствата за спроведување на локалните избори се обезбедуваат од Буџетот Република Македонија и со нив располага општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје."

Член 44

Во членот 89 став (1) алинеја 6 зборовите: "и проверка" се бришат, а зборовите: "УВ ламба, спреј" се заменуваат со зборовите: "Видливо мастило".

По алинејата 7 се додаваат две нови алинеи 8 и 9, кои гласат:

"- скенер со биометриски сензор,

- компјутер, читач на лична карта или патна исправа со биометриски податоци,".

Член 45

Во членот 91 став (2 ) зборот "десет" се заменува со зборот "пет".

Член 46

Во членот 108 став (2) зборовите: "и со ултравиолетова ламба проверува дали има неизбришлив белег" се заменуваат со зборовите: "и проверува дали има белег од видливо мастило".

Во ставот (6) зборот "спреј" се заменува со зборовите: "видливо мастило", а зборот "спрејот"се заменува со зборовите: "видливото мастило".

Во ставот (6) зборовите: "нема да се врши обележување" се заменуваат со зборовите: "тогаш му се обележува со видливо мастило десниот показалец, односно левиот показалец доколку нема показалец на десната рака".

Член 47

По членот 108 се додава нов член 108-а, кој гласи:

"Член 108-а

(1) Избирачите пристапуваат да гласаат еден по еден.

(2) Кога избирачот пристапува да гласа избирачкиот одбор проверува дали избирачот е на соодветното гласачко место.

(3) Кога избирачот пристапува да гласа избирачкиот одбор го проверува неговиот личен идентитет.

(4) Проверката на личниот идентитет се врши преку електронски систем составен од компјутер, читач на лична карта или патна исправа со биометриски податоци и скенер со биометриски сензор поставен на избирачкото место.

(5) Проверката од ставот (4) на овој член започнува со вметнување на личната карта или патната исправа со биометриските податоци на избирачот во читачот на лични карти или патни исправи по што избирачот го поставува соодветниот прст на скенерот со биометриски сензор.

(6) Отисокот од прстот на избирачот добиен од скенерот, преку електронскиот систем, се споредува со податокот за отисокот од прстот на избирачот добиен преку читачот на лична карта или патна исправа.

(7) Доколку биометриските податоци добиени од читачот и од скенерот од ставот (6) на овој член ќе се совпаднат се смета дека личниот идентитет на избирачот е утврден.

(8) Избирачкиот одбор, по утврдувањето на идентитетот на избирачот, го заокружува неговиот реден број во изводот од избирачкиот список и избирачот го става својот потпис, а ако не е писмен става отпечаток од десниот показалец. Ако избирачот нема десен показалец, тој ќе стави отпечаток од неговиот лев показалец, а доколку нема ни лев показалец не се става отпечаток.

(9) По идентификацијата избирачот добива гласачко ливче и му се обележува со видливо мастило палецот на десната рака, односно палецот на левата рака, доколку нема палец на десната, притоа внимавајќи со видливо мастило да се опфати и ноктот на палецот. Ако избирачот нема палец на двете раце, тогаш му се обележува со видливо мастило десниот показалец, односно левиот показалец доколку нема показалец на десната рака."

Член 48

Во членот 111 став (1) зборот "три" се заменува со зборот "седум".

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Даденото известување од ставот (1) на овој член се однесува и на првиот и на вториот круг на гласање."

Ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (3), (4), (5), (6) и (7).

Член 49

По членот 113-а се додава нов член 113-б, кој гласи:

„Член 113-а

(1) Членовите на избирачките одбори за гласање во ДКП, односно во конзуларните канцеларии гласаат во Државната изборна комисија три дена пред денот на одржувањето на избори во Република Македонија.

(2) Изборите за избирачите од ставот (1) на овој член ги спроведува избирачкиот одбор за гласање во ДИК.

(3) За гласањето од ставот (2) на овој член се обезбедува посебна кутија за гласање која по завршувањето на гласањето се чува запечатена во просториите на ДИК и се отвора по завршување на гласањето во Република Македонија.

(4) За гласањето на овие избирачи избирачкиот одбор составува посебен записник.

(5) Записникот и изборниот материјал по завршувањето на гласањето во Република Македонија се доставуваат до соодветните општински изборни комисии."

Член 50

Во членот 117 по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

"(7) Ако записникот од гласањето во ДКП, односно конзуларните канцеларии не е потпишан од мнозинството членови на избирачкиот одбор, записникот го составува и потпишува државната изборна комисија врз основа на целокупниот изборен материјал."

Ставот (7) станува став (8).

Член 51

Во членот 132 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Доколку во првиот круг од гласањето за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје не излезат една третина од вкупниот број на избирачи запишани во изводот од избирачкиот список за соодветната општина, односно градот Скопје, се повторува целата изборна постапка за соодветната општина."

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (3) и (4).

Член 52

Членот 144 се брише.

Член 53

Членот 145 се брише

Член 54

Во членот 151 став (5) бројот „48" се заменува со бројот „72".

Член 55

По членот 153 се додава нов член 153-а, кој гласи:

"Член 153-а

(1) По исклучок од членот 153 од овој законик, ако е жена пратеникот кој е избран од листата на кандидати, а на кого му престанал мандатот според еден од основите утврдени во членот 152 од овој законик, тогаш за остатокот од мандатот, пратеник во Собранието станува наредниот кандидат од листата жена.

(2) Државната изборна комисија го известува наредниот кандидат жена од листата во случаите од ставот (1) на овој член, во рок од три дена од престанокот на мандатот на пратеникот.

(3) Ако наредниот кандидат жена од листата од ставот (2) на овој член не ја извести Државната изборна комисија во рок од осум дена за прифаќањето на мандатот, тоа право се пренесува на наредниот кандидат жена од листата.

(4) Во случај кога е исцрпена листата на кандидати согласно со ставовите (1), (2) и (3) на овој член, остварувањето на ова право се врши согласно со членот 153 од овој законик."

Член 56

По членот 155 се додава нов член 155-а, кој гласи:

"Член 155-а

(1) По исклучок од членот 155 од овој законик, ако е жена член на совет на кого му престанал или ќе му биде одземен мандатот поради една од причините утврдени во Законот за локалната самоуправа и овој законик, тогаш за остатокот од мандатот, член на совет станува наредниот кандидат од листата жена.

(2) Општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје го известува наредниот кандидат жена од листата во случаите од ставот (1) на овој член, во рок од три дена од престанокот на мандатот на пратеникот.

(3) Ако наредниот кандидат жена од листата од ставот (2) на овој член не ја извести општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје во рок од осум дена за прифаќањето на мандатот, тоа право се пренесува на наредниот кандидат жена од листата.

(4) Во случај кога е исцрпена листата на кандидати согласно со ставовите (1), (2) и (3) на овој член, остварувањето на ова право се врши согласно со членот 155 од овој законик."

Член 57

Во членот 165 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Бројот на избирачи кои гласаат на избирачкото место не може да биде поголем од 1.000 избирачи."

Ставот (2) станува став (3).

Член 58

Во членот 175 став (1) во делот "ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 1" по зборовите: "општина Карпош избирачки места од 2592 до 2653" се додаваат зборовите: " општина Карпош избирачки места од 2593/1 до 2593/1, општина Карпош избирачки места 2597/1 до 2597/1, општина Карпош избирачки места од 2601/ до 2601/1, општина Карпош избирачки места од 2614/ 1 до 2614/1, општина Карпош избирачки места од 2617/1 до 2618/1, општина Карпош избирачки места од 2626/1 до 2626/1, општина Карпош избирачки места од 2644/1 до 2644/1, општина Карпош избирачки места од 2649/1 до 2649/1, општина Карпош избирачки места од 2651/1 до 2653/1"; по зборовите: "општина Кисела Вода избирачки места од 2425 до 2427" се додаваат зборовите: "општина Кисела Вода избирачки места од 2425/1 до 2426/1"; по зборовите: "општина Кисела Вода избирачки места од 2654 до 2672" се додаваат зборовите: "општина Кисела Вода избирачки места од 2667/1 до 2667/1, општина Кисела Вода избирачки места од 2669/1 до 2669/1, општина Кисела Вода избирачки места од 2671/1 до 2671/1", по зборовите "општина Кисела Вода избирачки места од 2739 до 2751" се додаваат зборовите: "општина Кисела Вода избирачки места од 2748/1 до 2748/1, општина Кисела Вода избирачки места од 2751/1 до 2751/1"; по зборовите: "општина Кисела Вода избирачки места од 2761 до 2771" се додаваат зборовите: "општина Кисела Вода избирачки места од 2762/1 до 2762/1"; по зборовите: "општина Кисела Вода избирачки места од 2774 до 2795" се додаваат зборовите: "општина Кисела Вода избирачки места од 2781/1 до 2782/1, општина Кисела Вода избирачки места од 2784/1 до 2784/1, општина Кисела Вода избирачки места од 2789/1 до 2789/1, општина Кисела Вода избирачки места од 2793/1 до 2793/1, општина Кисела Вода избирачки места од 2795/1 до 2795/1"; по зборовите: "општина Центар избирачки места од 2796 до 2818" се додаваат зборовите: „општина Центар избирачки места од 2796/1 до 2797/1, општина Центар избирачки места од 2805/1 до 2806/1"; по зборовите: "општина Центар избирачки места од 2830 до 2868" се додаваат зборовите: "општина Центар избирачки места од 2842/1 до 2844/1, општина Центар избирачки места од 2847/1 до 2847/1, општина Центар избирачки места од 2861/1 до 2861/1, општина Центар избирачки места од 2867/1 до 2867/1"; по зборовите: "општина Центар избирачки места од 2870 до 2871" се додаваат зборовите: "општина Центар избирачки места од 2870/1 до 2871/1"; по зборовите: "општина Чаир избирачки места од 2819 до 2821" се додаваат зборовите: "општина Чаир избирачки места од 2819/1 до 2819/1", по зборовите: „општина Чаир избирачки места од 2823 до 2827" се додаваат зборовите: "општина Чаир избирачки места од 2826/1 до 2826/1", по зборовите: "општина Чаир избирачки места од 2829 до 2829" се додаваат зборовите: "општина Чаир избирачки места од 2829/1 до 2829/1"; по зборовите: "општина Чаир избирачки места од 2869 до 2869" се додаваат зборовите: "општина Чаир избирачки места од 2869/1 до 2869/1"; по зборовите: "општина Чаир избирачки места од 2872 до 2898" се додаваат зборовите: "општина Чаир избирачки места од 2873/1 до 2874/1, општина Чаир избирачки места од 2876/1 до 2877/1, општина Чаир избирачки места од 2884/1 до 2884/1, општина Чаир избирачки места од 2886/1 до 2889/1, општина Чаир избирачки места од 2893/1 до 2893/1"; по зборовите: "општина Аеродром избирачки места од 2673 до 2738" се додаваат зборовите: "општина Аеродром избирачки места од 2679/1 до 2680/1, општина Аеродром избирачки места од 2682/1 до 2684/1, општина Аеродром избирачки места од 2714/1 до 2717/1, општина Аеродром избирачки места од 2719/1 до 2721/1, општина Аеродром избирачки места од 2730/1 до 2730/1, општина Аеродром избирачки места од 2732/1 до 2733/", по зборовите: "општина Аеродром избирачки места од 2772 до 2773" се додаваат зборовите: "општина Аеродром избирачки места од 2772/1 до 2772/1"; по зборовите: "општина Сарај избирачки места од 2428 до 2461" се додаваат зборовите: "општина Сарај избирачки места од 2428/1 до 2428/1, општина Сарај избирачки места од 2430/1 до 2431/1, општина Сарај избирачки места од 2433/1 до 2435/1, општина Сарај избирачки места од 2438/1 до 2438/1, општина Сарај избирачки места од 2447/1 до 2447/1, општина Сарај избирачки места од 2451/1 до 2452/1, општина Сарај избирачки места од 2458/1 до 2458/1, општина Сарај избирачки места од 2460/1 до 2460/1"; по зборовите: "општина Македонски Брод избирачки места од 0224 до 0274" се додаваат зборовите: "општина Македонски Брод избирачки места од 0247/1 до 0 248/1"; по зборовите: "оп-

штина Сопиште избирачки места од 2412 до 2424“ се додаваат зборовите: “општина Сопиште избирачки места од 2423/1 до 2423/1“; по зборовите: “општина Студеничани избирачки места од 2341 до 2361“ се додаваат зборовите: “општина Студеничани избирачки места од 2341/1 до 2341/1, општина Студеничани избирачки места од 2345/1 до 2351/1, општина Студеничани избирачки места од 2353/1 до 2353/1, општина Студеничани избирачки места од 2359/1 до 2359/1“.

- nuk e shpall dhe/ose nuk e dorëzon listën e çmimeve (neni 75-gj paragrafët (3) dhe (4)),
- e ndryshon listën e çmimeve gjatë rrjedhës së fushatës zgjedhore (neni 75-gj paragrafi (5)),
-nuk siguron qasje të barabartë në pajtim me nenin 75-gj paragrafi (6) të këtij kodi dhe
- e shkelin heshtjen zgjedhore (nenin 76-b).

(2) Gjobë në shumë prej 500 deri në 1500 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtje edhe personit përgjegjës të radiodifuzerit dhe medias së shtypit për veprimet nga paragrafi (1) i këtij neni."

Neni 64

Në nenin 183 paragrafi (2) fjalët: "kryeredaktori përgjegjës" zëvendësohen me fjalët: “personi përgjegjës i radiodifuzerit dhe medies të shtypur".

Neni 65

Neni 183-a ndryshohet si vijon:

"(1) Gjobë në shumë prej 1500 deri në 3000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtje radiodifuzerit dhe medies së shtypur, nëse:

- i publikon rezultatet nga analiza e mendimit publik në kundërshtim me nenin 77 paragrafi (1) i këtij kodi,
- i publikon rezultatet nga analiza e mendimit publik, ndërsa nuk i thekson të dhënat e përcaktuara në nenin 77 paragrafi (2) të këtij kodi dhe

- i publikon rezultatet nga analiza e mendimit publik të zbatuar në ditën e zgjedhjeve në kundërshtim me nenin 77 paragrafi (3) të këtij kodi.

(2) Gjobë në shumë prej 300 deri në 1 000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtje edhe personit përgjegjës të radiodifuzerit dhe medies së shtypur për veprimet nga paragrafi (1) i këtij neni".

Neni 66

Në nenet 17, 31, 40, 42, 45, 46, 47, 48, 49, 50-a, 55, 61, 69, 91, 95, 101, 106, 107, 113-a, 118-a, 164, 165, 166, 174 dhe 175 pas fjalëve: "përfaqësi diplomatike-konsullore të Republikës së Maqedonisë, PDK" shtohen fjalët: "përkatësisht zyra konsullore".

Neni 67

Në të gjithë tekstin e ligjit fjalët: "Organizator/ë të fushatës zgjedhore" zëvendësohen me fjalët: "pjesëmarrës në fushatën zgjedhore".

Neni 68

Komisioni Shtetëror i Zgjedhjeve në afat prej gjashtë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji detyrohet të realizojë furnizim të sistemit elektronik për kontroll për identifikim të zgjedhësit.

Në rast të mosveprimit sipas paragrafit 1 të këtij neni personit përgjegjës në Komisionin Shtetëror të Zgjedhjeve do t'i shqiptohet gjobë në shumë prej 20 000 deri në 50 000 euro në kundërvlerë me denarë.

Neni 69

Dispozitat nga neni 47 në vendet zgjedhore ku ekzistojnë kushte teknike për këtë sipas zgjedhjes së Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve do të zbatohet nga 1 janari 2015, e nga 1 janari 2017 do të zbatohet në vende zgjedhore ku votohet në vitin 2015 dhe në vende zgjedhore sipas zgjedhjes së Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve, e zbatimi i plotë i dispozitës është i obligueshëm nga 1 janari 2019.

Neni 70

Vendet zgjedhore nga neni 58 sipas mundësisë do të vendosen në objekt të njëjtë me vendet zgjedhore nga të cilat me ndarje të votuesve janë definuar vendet e reja zgjedhore.

Neni 71

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë që të përcaktojë tekst të spastruar të Kodit zgjedhor.

Neni 72

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**359.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за дополнување на Кривичниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 јануари 2014 година.

Бр. 07 – 430/1
23 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13 и 82/13), по членот 165-б се додава нов наслов и нов член 165-в, кои гласат:

„Противзаконито располагање со буџетски средства за време на избори

Член 165-в

(1) Носител на јавна функција кој спротивно на забраните утврдени со Изборниот законик ќе започне изградба со средства од Буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности, училишта, градинки или други објекти, ако за таа намена не се претходно обезбедени средства од Буџетот, односно не се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година,

ќе се казни со затвор од шест месеци до една година.

(2) Носител на јавна функција кој спротивно на забраните утврдени со Изборниот законик врши исплаќања на плати, пензии, субвенции, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови или отуѓување на државен капитал или потпишување на колективни договори,

ќе се казни со затвор од три до пет години.

(3) Носител на јавна функција кој спротивно на забраните утврдени со Изборниот законик ќе организира одржување на јавен настан по повод започнување на изградба или пуштање во употреба на објектот со средства од Буџетот или од јавни фондови или со средства од јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал, во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности, училишта, градинки и други објекти,

ќе се казни со затвор од шест месеци до една година.

(4) Министерот за финансии кој од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на Претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје, нема јавно да ги објави на интернет страница

во посебна база за буџетски трошоци сите буџетски исплати, освен редовните плати, пензии и комунални трошоци, согласно со закон,

ќе се казни со затвор од шест месеци до една година.

(5) Министерот за финансии кој нема да поднесе или на веб страницата на Министерството за финансии нема да го објави предизборниот финансиски извештај две недели по распишување на изборите во кој ќе биде опфатен преглед на сите планирани и реализирани приходи и расходи од Буџетот по ставки, во периодот од почетокот на фискалната година до денот на поднесувањето на извештајот, согласно со Изборниот законик,

ќе се казни со затвор од шест месеци до една година.“

Член 2

Овој законик влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR PLOTËSIMIN E KODIT PENAL**

Neni 1

Në Kodin penal (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13 dhe 82/13), pas nenit 165 –b shtohen titulli i ri dhe neni i ri 165 – v, si vijojnë:

“Disponim kundërligjor me mjetet e buxhetit gjatë kohës së zgjedhjeve

Neni 165- v

(1) Bartësi i funksionit publik i cili në kundërshtim me ndalimet e përcaktuara me Kodin zgjedhor fillon ndërtim me mjete nga Buxheti ose nga fonde publike ose me mjete të ndërmarrjeve publike dhe personave tjerë juridikë të cilët disponojnë me kapital shtetëror, të objekteve të reja të infrastrukturës, si rrugë, ujësjellës, largpërçues, kanalizim, terrene sportive dhe objekte tjera ose objekte për veprimtari shoqërore, shkolla, kopshte ose objekte tjera, nëse për këtë qëllim nuk janë siguruar mjete paraprakisht nga Buxheti, përkatësisht nuk bëhet fjalë për realizim të programit të miratuar në bazë të ligjit në vitin vijues,

do të dënohet me burg prej gjashtë muajsh deri në një vit.

(2) Bartësi i funksionit publik i cili në kundërshtim me ndalimet e përcaktuara me Kodin zgjedhor kryen pagesa të rrogave, pensioneve, subvencioneve, ndihmës sociale ose pagesa dhe kompensime tjera materiale nga mjetet e buxhetit ose nga mjetet e fondeve publike që nuk janë pagesa të rregullta mujore, përkatësisht tërë transferet dhe pagesat njëvjeçare ose transferet e njëhershme nga mjetet e buxhetit ose nga mjete të fondeve publike ose tjetërsimi i kapitalit shtetëror ose nënshkrimi i marrëveshjeve kolektive, do të dënohet me burg prej tre deri në pesë vite.

(3) Bartësi i funksionit publik i cili në kundërshtim me ndalimin e përcaktuar me Kodin zgjedhor do të organizojë mbajtjen e ngjarjes publike me rastin e fillimit të ndërtimit ose lëshimit në përdorim të objektit me mjete nga Buxheti ose nga fonde publike ose me mjete nga ndërmarrje publike ose persona tjerë juridikë që disponojnë me kapital shtetëror, të infrastrukturës si rrugë, ujësjellës, largpërçues, kanalizim, terrene sportive dhe objekte tjera ose objekte për veprimtari shoqërore, shkolla, kopshte dhe objekte tjera,

do të dënohet me burg prej gjashtë muajsh deri në një vit.

(4) Ministri i Financave i cili nga dita e miratimit të vendimit për shpalljen e zgjedhjeve deri në përfundimin e zgjedhjes së Presidentit të Republikës së Maqedonisë, deputetëve në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë dhe zgjedhjen e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë në pajtim me rezultatet e zgjedhjeve, si dhe nga dita e marrjes së vendimit për shpalljen e zgjedhjeve e deri në përfundimin e zgjedhjeve për zgjedhjen e kryetarit të komunës ose anëtarëve të këshillit përkatësisht deri në konstituimin e këshillit të komunave dhe të Qytetit të Shkupit, nuk do t'i shpallë publikisht në faqen e internetit në bazë të posaçme për shpenzime buxhetore të gjitha pagesat buxhetore, përveç rrogave, pensioneve dhe shpenzimeve komunale të rregullta, në pajtim me ligjin,

do të dënohet me burg prej gjashtë muajsh deri në një vit.

(5) Ministri i Financave i cili nuk do të parashtrojë ose në ueb faqen e Ministrisë së Financave nuk do ta publikojë raportin financiar parazgjedhor dy javë pas shpalljes së zgjedhjeve në të cilin do të përfshihet pasqyra e të gjitha të hyrave dhe shpenzimeve të planifikuara dhe të realizuara nga Buxheti sipas zërave, në periudhën nga fillimi i vitit fiskal deri në ditën e parashtrimit të raportit, në pajtim me Kodin zgjedhor,

do të dënohet me burg prej gjashtë muajsh deri në një vit.”

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**360.**

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10 и 123/13) и точка 13 од Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 186/13), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

**У П А Т С Т В О**
**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА КРЕДИТНИОТ РЕГИСТАР**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова упатство се пропишуваат видот, начинот и роковите за доставување и користење на податоците и информациите до/од Кредитниот регистар од страна на банките и штедилниците во Република Македонија.

2. Заради спроведување на Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар (во понатамошниот текст: Одлуката), Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) воспоставува посебна веб-апликација и веб-услуга - Кредитен регистар (во понатамошниот текст: Апликацијата).

Термините коишто се дефинирани во Одлуката се употребуваат со истото значење и во ова упатство.

## II. НАЧИН НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА

3. Апликацијата работи во интранет-околина со ограничен пристап на компјутерската мрежа и базата на податоци.

4. Апликацијата е достапна за банките и штедилниците за целите дефинирани во Одлуката.

5. Банките и штедилниците доставуваат податоци и информации согласно со техничките инструкции за работа со апликациите на Народната банка.

## III. ВИД, НАЧИН И РОКОВИ НА ДОСТАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ ДО/ОД КРЕДИТНИОТ РЕГИСТАР

6. Податоците и информациите од точката 4 од Одлуката коишто банките и штедилниците се должни да ги доставуваат до Кредитниот регистар се определени во:

- прилогот бр. 1 - Листа на влезните податоци;
- прилогот бр. 2 - Шифри за трговците на мало;
- прилогот бр. 3 - Шифри за намената на кредитите на физичките лица/населението;
- прилогот бр. 4 - Шифри за видот на обезбедувањето;
- прилогот бр. 5 - Шифри за општините.

Прилозите од оваа точка се составен дел на ова упатство.

Банките и штедилниците ги доставуваат податоците и информациите од ставот 1 од оваа точка со користење на шифрите дефинирани во соодветните прилози.

Сите податоци коишто се доставуваат до Кредитниот регистар, а се однесуваат на износи, односно вредности, се искажуваат во илјади денари.

7. Банките и штедилниците се должни да ги доставуваат податоците и информациите од точката 4 од Одлуката во Кредитниот регистар, на месечна основа, со состојба на крајот на месецот за кој се известува.

Податоците и информациите од ставот 1 од оваа точка се доставуваат во периодот од 1. до 15. во наредниот месец.

По исклучок на ставот 2 од оваа точка, податоците и информациите со состојба на 31 декември се доставуваат од 25 јануари до 5 февруари.

8. Банките или штедилниците можат да ги користат следниве агрегирани податоци и информации од Кредитниот регистар:

- назив на правното лице, односно, име и презиме на физичкото лице;
- вкупен износ и структура на кредитната изложеност на сите банки и штедилници кон одделен клиент;
- вкупен број на банки и штедилници коишто се изложени на кредитен ризик од одделен клиент;
- вкупен број на кредитни партии;
- вкупен износ на извршена исправка на вредноста, односно издвоена посебна резерва на сите банки и штедилници за одделен клиент;
- податоци за обезбедувањето;
- вкупен износ на рефинансирани кредити;
- вкупен износ на реструктурирани кредити;
- максимален број на денови на доцнење во исполнувањето на обврските и соодветен износ;
- вкупен износ на изложеноста за која е жирант (доколку клиентот е жирант) на датумот за којшто се известува;
- намена на изложеноста кон клиентот - физичко лице;
- вкупен износ на пријавени отпишани побарувања;
- други податоци и информации.

9. Народната банка овозможува расположливост на податоците и информациите од Кредитниот регистар од точката 8 од ова упатство, во рок од 7 (седум) работни дена по истекот на роковите предвидени во точката 7 од ова упатство.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

10. Со отпочнувањето со примена на ова упатство, престанува да важи Упатството за спроведување на Одлуката за содржината и начинот на функционирање на кредитниот регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 139/11).

11. Ова упатство влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе почне да се применува за податоците со состојба на 31 декември 2013 година.

По исклучок на ставот 1 од оваа точка, обврската за доставувањето на податоците од редовите 11-1, 11-2, 12-а, 13-а, 14-а, 15-а, 24-1, 24-а-1, 24-б, 27-1, 29-1, 33-а и 41-1 од прилогот бр. 1 и податоците за шифрите за видот на обезбедувањето 018 и 019 од прилогот бр. 4 од ова упатство ќе почне да се применува од 1 декември 2014 година.

Обврската за доставување на податоците од редовите 11, 24, 24-а, 27, 29 и 41 од прилогот бр. 1 од ова упатство ќе важи до 30 ноември 2014 година (за податоците со состојба на 30 ноември 2014 година).

У. бр. 1890
22 јануари 2014 година
Скопје

Гувернер,
**Димитар Богов,** с.р.

## Прилог бр. 1

Листа на влезните податоци

| Р. бр. | Назив на полето | Опис на полето | Задолжително внесување |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | |
| 1 | Тип | **Код на типот „клиент“:**<br><br>01 - правно лице. Се внесува секое правно лице.<br><br>02 - физичко лице*.<br>Се внесува секое физичко лице.<br><br>03 - население**.<br>Се внесува збирниот износ на сите кредитни партии на физичките лица под лимитот пропишан со Одлуката, поделен според категоријата на ризик, валутата, намената и видот на исправката на вредноста/посебната резерва.<br><br>04 - правни лица**.<br>Се внесува збирниот износ на сите кредитни партии на правните лица и на другите клиенти (08), под лимитот пропишан со Одлуката, поделен според категоријата на ризик, валутата, претежната дејност и видот на исправката на вредноста/посебната резерва.<br><br>05 - трговци на мало**.<br>Се внесува збирниот износ на сите кредитни партии на трговците на мало, под лимитот пропишан со Одлуката, поделен според категоријата на ризик, валутата, намената и видот на исправката на вредноста/посебната резерва.<br><br>06 - банки. Се внесува секоја банка.<br><br>07 - небанкарски финансиски институции. Се внесува секоја небанкарска финансиска институција.<br><br>08 - други клиенти (упатна литература: Водич за класификација според институционалните сектори: централна влада, локална самоуправа, фондови за социјално осигурување, непрофитни институции коишто им служат на | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | домаќинствата).<br><br>09 - трговци на мало. Се внесува секое лице*.<br>* Едно и исто лице може да биде пријавено и како физичко лице и како трговец на мало, во зависност од тоа дали кредитот го користи како физичко лице или за деловна активност.<br>** Забелешка: Вкупниот износ за типовите 03 - население, 04 - правни лица и 05 - трговци на мало не треба да надмине 5% од вкупната кредитна изложеност. | |
| 2 | Рез | **Код за резидент (Р) / нерезидент (Н)** | Да |
| 3 | Код | **Код за уникатна идентификација во РМ:**<br><br>Матичен број: за правно лице - резидент и за трговец на мало.<br><br>ЕМБГ: за физичко лице - резидент.<br><br>´0000000000001´ за збирен износ „население".<br><br>´0000000xxxxx2´ за збирен износ „правни лица" (xxxxx е претежна дејност на групата; пример, за „пдејност" = 02 се внесува ´0000000020002´).<br><br>´0000000000003´- за збирен износ „трговци на мало".<br><br>Код за правно лице - нерезидент. Постапка за внесување на кодот: код на државата (2 знака) + единствен матичен број (ИД) во матичната држава (без специјални знаци); пример: ИТ4064488.<br><br>Код за физичко лице - нерезидент. Постапка за внесување на кодот: код на држава (2 знака) + број на пасош (без специјални знаци); пример: ИТ235617Г8.<br><br>Код за странски банки. Постапка за внесување на кодот: код на држава (2 знака) + код СВИФТ на странската банка. | Да |
| 4 | Данбр | **Даночен број** за правни лица - резиденти. | Само за типовите = 01, 06, 07, 08 и 09. |
| 5 | Назив | **Назив** на правното лице. | Да, освен за типот = 02. За типот = 09 ова поле се пополнува |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | само за трговците-поединци со регистрирана дејност. За типовите = 03, 04 и 05 се внесува опис (население, правни лица, трговци на мало). |
| 6 | Име | **Име** на физичкото лице. | Само за типовите = 02 и 09. |
| 7 | Презиме | **Презиме** на физичкото лице. | Само за типовите = 02 и 09. |
| 8 | Град | **Општина** согласно со прилогот бр. 5. | Само за резиденти. За типовите = 03, 04 и 05 ова поле не се пополнува. |
| 9 | Дрзава | **Држава** | Да |
| 10 | пдејност | **Претежна дејност** кај правни лица (се внесува четирицифрена шифра на дејноста согласно со Одлуката за донесување на националната класификација на дејностите - НКД Рев.2). | Само за типовите = 01, 04, 06, 07 и 08. |
| 11 | брКП | **Број на кредитната партија**, секоја банка го прикажува по сопствен формат. Доколку во рамките на иста кредитна партија постојат побарувања изразени во различна валута, тогаш се пријавува истиот број на кредитната партија со додавање на ознаката „/x". Пример, за главница во денари со девизна клаузула ќе се пријави „број на кредитната партија/1", за провизијата во денари ќе се пријави „број на кредитната партија/2" итн.<br>Ова поле се пополнува заклучно со 30 ноември 2014 година. | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11-1 | брКП | **Број на кредитна партија**, секоја банка го прикажува по сопствен формат. Доколку во рамките на иста кредитна партија постојат побарувања изразени во различна валута или дел од кредитната партија е обезбеден со паричен депозит којшто ги исполнува условите дефинирани во точката 12, потточка 12.1 од Одлуката за управување со кредитниот ризик, тогаш се пријавува истиот број на кредитна партија со додавање на ознаката „/x". Пример 1, за главница во денари со девизна клаузула ќе се пријави „број на кредитната партија/1", за провизијата во денари ќе се пријави „број на кредитната партија/2" итн. Пример 2, за кредитна партија којашто делумно е обезбедена со паричен депозит, за делот обезбеден со паричниот депозит ќе се пријави „број на кредитната партија/1", а за необезбедениот дел од кредитната партија со паричен депозит ќе се пријави „број на кредитната партија/2" итн. Банката може да избере дали ќе пријавува една кредитна партија со просечна исправка на вредноста/посебна резерва или ќе пријавува две кредитни партии како во примерот 2. Ова поле се пополнува од 1 декември 2014 година. | Да |
| 11-2 | брКПС | **Број на стари кредитни партии.** Доколку при реструктурирањето (Р), продолжувањето на рокот на достасување (П)***, консолидацијата или другите рефинансирања (К)****, банката одобрува кредитна партија со нов број, во тој случај во ова поле се наведуваат броевите на кредитните партии коишто се опфатени со **тоа** реструктурирање, продолжување на рокот на достасување, консолидација или други рефинансирања (на пример: број на стара кредитна партија/број на стара кредитна партија/ број на стара кредитна партија итн.).<br><br>Ова поле се пополнува од 1 декември 2014 година за кредитните изложености кај кои е извршено реструктурирање, продолжување на рокот на достасување, консолидација или други рефинансирања | Да, освен за исклучоците предвидени во колоната 3. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | од 1 декември 2014 година.<br>*** Забелешка: Во понатамошниот текст од овој прилог под **продолжување на рокот на достасување** се подразбира продолжувањето на рокот на достасување согласно со точката 2 потточка 2.10 алинеја 2 од Одлуката за управување со кредитниот ризик.<br>**** Забелешка: Во понатамошниот текст од овој прилог под **консолидација или други рефинансирања** не се подразбираат рефинансирањата согласно со точката 2 потточка 2.10 алинеја 3 од Одлуката за управување со кредитниот ризик. | |
| 12 | типКР | А - ануитетски;<br>Е - еднократен (се вклучуваат и изложеностите коишто произлегуваат од една кредитна партија, на пример: провизија);<br>К - кредитни картички и тековни сметки. | Да, освен за типовите = 03, 04 и 05. |
| 12-а | износА | **Износ на ануитетот**. Се внесува износот на ануитетот на датумот на известувањето.<br>Ова поле се пополнува од 1 декември 2014 година за сите кредитни изложености за кои полето 12 (типКР) е А. | Да, освен за типовите = 03, 04 и 05. |
| 13 | дат1Одобр | **Датум на првиот излез на пари**.<br>Доколку станува збор за изложеност кај која нема излез на пари (гаранција, акредитив), изложеност врз основа на дозволени пречекорувања, кредитни картички и слично, се става датумот на склучување на договорот.<br>Ова поле не се пополнува во случај на консолидација на повеќе кредитни партии.<br>Во случај кога нема датум на склучување на договорот (пр. изложеност само врз основа на провизија), ова поле не се пополнува (празно).<br>Ова поле не се пополнува и доколку изложеноста се состои само од камата.<br>Ова поле не е задолжително доколку изложеноста се состои само од средства по видување и депозити преку ноќ кај банки. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучоците предвидени во колоната 3. |
| 13-а | датР/П/К | **Датум на реструктурирање**, **продолжување на рокот на достасување, консолидација или други рефинансирања**. Се внесува датумот на реструктурирањето (датР), | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучоците предвидени во колоната 3. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | продолжувањето на рокот на достасување (датП), консолидацијата или другите рефинансирања (датК).<br>Ова поле се пополнува од 1 декември 2014 година за кредитните изложености кај кои е извршено реструктурирање, продолжување на рокот на достасување, консолидација или друго рефинансирање од 1 декември 2014 година. | |
| 14 | одобрКР | **Одобрен износ на изложеност** (кредит, гаранција, акредитив, рамковен кредит, кредитна картичка и слично) при првото одобрување. За вонбилансната изложеност се внесува договорниот износ.<br>Ова поле не се пополнува во случај на консолидација на повеќе кредитни партии.<br>Ова поле не се пополнува доколку изложеноста се состои само од други побарувања и/или камата.<br>Ова поле не е задолжително доколку изложеноста се состои само од средства по видување и депозити преку ноќ кај банки. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучоците предвидени во колоната 3. |
| 14-а | одобрР/П/К | **Одобрен износ при реструктурирањето (одобрР), продолжувањето на рокот на достасување (одобрП), консолидацијата или другите рефинансирања (одобрК).** Се внесува износот на кредитната изложеност на датумот на реструктурирањето, продолжувањето на рокот на достасување, консолидацијата или другото рефинансирање.<br>Ова поле се пополнува од 1 декември 2014 година за кредитните изложености кај кои е извршено реструктурирање, продолжување на рокот на достасување, консолидација или друго рефинансирање од 1 декември 2014 година. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучоците предвидени во колоната 3. |
| 15 | датДостГлав | **Краен датум на достасување на изложеноста**. Се внесува крајниот датум на достасување на кредитната партија, согласно со договорот.<br>За изложеноста врз основа на гаранции, акредитиви, кредитни картички, тековна сметки и слични производи, во оваа позиција се внесува рокот на важноста.<br>При ануитетска отплата, се внесува датумот на достасување на последниот ануитет. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05, и за исклучоците предвидени во колоната 3. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Во случај кога нема датум на достасување (пр. изложеност само врз основа на провизија) и/или доколку изложеноста се состои само од камата, ова поле не се пополнува (празно).<br>Ова поле не е задолжително, доколку изложеноста се состои само од средства по видување и депозити преку ноќ кај банки. | |
| 15-а | датГлав | **Датум на првото достасување на главницата.** Се внесува датумот на достасување на првата обврска за плаќање на главницата (првиот ануитет или датумот на истекување на грејс-периодот).<br>Ова поле се пополнува од 1 декември 2014 година за кредитните изложености одобрени од 1 декември 2014 година за кои полето 12 (типКР) е А или за кои е одобрено одложено плаќање на главницата. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05, и за исклучоците предвидени во колоната 3. |
| 16 | редГлав (1) | **Редовна главница - недостасана**. Се внесува износот на недостасаната главница на крајот на периодот за кој се известува.<br>Се внесува бруто-износот, не земајќи го предвид износот на исправката на вредноста и на акумулираната амортизација. | Да |
| 17 | изДостГлав (2) | **Редовна главница - достасана**. Се внесува износот на достасаната главница, на крајот на периодот за кој се известува.<br>Се внесува бруто-износот, не земајќи го предвид износот на исправката на вредноста и на акумулираната амортизација. | Да |
| 18 | редКам (3) | **Редовна камата**. Се внесува износот на каматата (редовна достасана и недостасана) на крајот на периодот за кој се известува. | Да |
| 19 | нефГлав (4) | **Нефункционална главница**. Се внесува износот на нефункционалната главница на крајот на периодот за кој се известува.<br>Се внесува бруто-износот, не земајќи го предвид износот на исправката на вредноста и на акумулираната амортизација. | Да |
| 20 | нефКам (5) | **Нефункционална камата**. Се внесува износот на нефункционалната камата на крајот на периодот за кој се известува. | Да |
| 21 | дрПобар (6) | **Други побарувања**. Се внесува износот на другите побарувања на крајот на | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | периодот за кој се известува. | |
| 22 | вонСтав (7) | **Вонбилансни ставки**. Се внесува износот на вонбилансните позиции на крајот на периодот за кој се известува. | Да |
| 23 | вкИзлоз | **Вкупна изложеност**: Збир од износите во полињата 16, 17, 18, 19, 21 и 22. | Да |
| 24 | макДД | **Максимален број денови на доцнење** (на најголемото доцнење).<br>Ова поле се пополнува заклучно со 30 ноември 2014 година. | Да, освен за типовите = 03, 04 и 05. |
| 24-1 | макДДГ/К/Д | **Максимален број денови на доцнење** на датумот на известување, и тоа:<br>(макДДГ) за главницата;<br>(макДДК) за каматата;<br>(макДДД) за другите побарувања.<br>Ова поле се пополнува од 1 декември 2014 година. | Да, освен за типовите = 03, 04 и 05. |
| 24-а | износДД | Се внесува **износот** на кој се однесува максималниот број денови на доцнење.<br>Ова поле се пополнува заклучно со 30 ноември 2014 година. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05. |
| 24-а-1 | износДДГ/К/Д | Се внесува **износот** на кој се однесува максималниот број денови на доцнење на датумот на известување, и тоа:<br>(износ ДДГ) за главницата;<br>(износДДК) за каматата;<br>(износДДД) за другите побарувања.<br>Ова поле се пополнува од 1 декември 2014 година. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05. |
| 24-б | КП | **Намирување на обврските** на датумот на известување. Се внесува:<br>(КП1) доколку отплатите (делумно или целосно) ги врши жирантот;<br>(КП2) доколку отплатите (делумно или целосно) ги врши друго лице врз основа на склучен договор за пристапување кон долг.<br>Во сите други случаи на намирување на обврските, ова поле не се пополнува.<br>Ова поле се пополнува од 1 декември 2014 година. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучокот предвиден во колоната 3. |
| 25 | КС | **Каматна стапка**, односно процентот на номиналната каматна стапка (на годишно ниво), важечка на датумот за кој се доставуваат податоците, претставен со една децимала. Ова поле не се пополнува за вонбилансните ставки и за другите побарувања (0.0). | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучоците предвидени во колоната 3. |
| 26 | типКС | **Тип на каматна стапка** според склучениот договор:<br>(Ф) фиксна каматна стапка, којашто е непроменлива;<br>(П) прилагодлива каматна стапка, | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучоците предвидени во колоната 3. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | којашто се менува според одлука на надлежен орган на банката;<br>(В) променлива каматна стапка, којашто се менува во зависност од движењата на одредена референтна каматна стапка.<br>Пополнувањето на ова поле не е задолжително доколку изложеноста се состои само од други побарувања, вонбилансни ставки или нефункционална камата. | |
| 27 | Р/П | **Реструктурирање или продолжување на рокот на достасување** на кредитната партија, и тоа:<br>(Р) реструктурирање;<br>(П) продолжување на рокот на достасување согласно со точката 2 потточка 2.10 алинеја 2 од Одлуката за управување со кредитниот ризик;<br>Доколку не е извршено ниту реструктурирање ниту продолжување на рокот на достасување, ова поле не се пополнува.<br>Ова поле се пополнува заклучно со 30 ноември 2014 година. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучокот предвиден во колоната 3. |
| 27-1 | Р/П/Ф/К | **Реструктурирање**, **продолжување на рокот на достасување, одобрување кредитна изложеност за плаќање на друга банка, консолидација или друго рефинансирање,** и тоа:<br>(Р) реструктурирање;<br>(П) продолжување на рокот на достасување согласно со точката 2 потточка 2.10 алинеја 2 од Одлуката за управување со кредитниот ризик;<br>(Ф) одобрување кредитна изложеност за плаќање на друга банка, согласно со точката 2 потточка 2.10 алинеја 3 од Одлуката за управување со кредитниот ризик;<br>(К) консолидација на повеќе побарувања согласно со точката 2 потточка 2.10 алинеја 1 од Одлуката за управување со кредитниот ризик или други рефинансирања согласно со точката 2 потточка 2.10 алинеја 2 од Одлуката за управување со кредитниот ризик коишто не се опфатени со ознаката (П).<br>Ова поле се пополнува од 1 декември 2014 година, при што ознаките (Ф) и (К) се внесуваат за изложеностите коишто се рефинансирани од 1 декември 2014 година.<br>Доколку не е извршено реструктурирање, | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучоците предвидени во колоната 3. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | продолжување на рокот на достасување, одобрување кредитна изложеност за плаќање на друга банка, консолидација или друго рефинансирање, ова поле не се пополнува. | |
| 28 | брР/П | **Број на продолжувања на рокот на достасување/број на реструктурирања.** Доколку не е извршено ниту едно продолжување на рокот на достасување/ реструктурирање на изложеноста и за типовите = 03, 04 и 05, се внесува 0. | Да |
| 29 | новДатДост | **Датум на достасување на изложеноста, по извршеното продолжување на рокот на достасување/реструктурирање**, согласно со правилата за полето 15 (датДостГлав). Овој податок се внесува само доколку е извршено продолжување на рокот на достасување/реструктурирање (во спротивно, ова поле останува празно). Ова поле се пополнува заклучно со 30 ноември 2014 година. | Да, само во случај кога полето 27 е Р или П и полето 28 >0. |
| 29-1 | новДатДост | **Нов датум на достасување** на изложеноста согласно со правилата за полето 15 (датДостГлав), по извршеното реструктурирање, продолжување на рокот на достасување, консолидација или друго рефинансирање. Овој податок се внесува само доколку е променет датумот на достасување на кредитната изложеност (во спротивно, ова поле останува празно). Ова поле се пополнува од 1 декември 2014 година за кредитните изложености кај кои е извршено реструктурирање, продолжување на рокот на достасување, консолидација или друго рефинансирање од 1 декември 2014 година. | Да, само во случај кога полето 27-1 е Р или П и полето 28 >0, или доколку полето 27-1 е К и е извршено скратување на рокот на достасување на побарувањето. |
| 30 | процентИсправПосебРез | **Процент на извршена исправка на вредноста и издвоена посебна резерва**. Се внесува децимален број од 0 до 100 со 1 децимално место. | Да |
| 31 | изИсправПосебРез | **Износ на исправка на вредноста и посебна резерва**. | Да |
| 31-а | видИсправПосебРез | **Вид на исправка на вредноста/посебна резерва** Г- за исправка на вредноста/посебна резерва на групна основа за портфолио на кредити; П - за исправка на вредноста/посебна | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | резерва на поединечна основа;<br>ПГ - за исправка на вредноста/посебна резерва за група слични финансиски инструменти. | |
| 32 | вал | **Валута** од шифрарникот на Народната банка за валути. Се внесува валутата во која е одобрен кредитот. | Да |
| 33 | валТипКр | **Валута** од шифрарникот на Народната банка за валути. Преку комбинација на вредностите од ова поле и од полето број 32, се одредува валутната структура на изложеноста (денари, девизи или денари со девизна клаузула). | Да |
| 33-а | намДев | **Намена на кредитот во девизи.**<br>При пополнувањето на оваа колона се користат шифрите:<br>ПС - кредит во девизи за плаќање во странство;<br>ПЗ - кредит во девизи за плаќање во земјата.<br>Ова поле се пополнува од 1 декември 2014 година за склучените кредитни работи во девизи со резиденти согласно со подзаконската регулатива на Народната банка за условите и начинот под кои резидентите можат да склучуваат кредитни работи во девизи и да вршат плаќања врз основа на тие кредитни работи. | Само за склучени кредитни работи во девизи со резиденти. |
| 34 | намена | **Намена** на кредитот кај физичките лица и трговците на мало (согласно со прилогот бр. 2 и прилогот бр. 3). | Да, само за типовите = 02, 03, 05 и 09 |
| 35 | видОбезб | **Вид на обезбедување** (согласно со прилогот бр. 4).<br>За една кредитна партија може да се пријават повеќе обезбедувања.<br>Известувањето за шифрите 018 и 019 започнува од 1 декември 2014 година. | Да, освен за типовите = 03, 04 и 05. |
| 35-а | редОбезб | **Ред на обезбедување** (прв - се внесува 1, втор - се внесува 2).<br>Ова поле не е задолжително за шифрите на обезбедување од 001 до 005 и од 014 до 017.<br>Известувањето за шифрите 018 и 019 започнува од 1 декември 2014 година. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучоците предвидени во колоната 3. |
| 36 | изОбезб | **Износ на обезбедување**. Ако еден ист предмет се користи како обезбедување за повеќе кредитни партии, тогаш се наведува вредноста на обезбедувањето (делот) што се однесува на конкретната кредитна партија.<br>Износот на обезбедувањето не се внесува во случај кога видот на обезбедувањето | Да, освен за типовите = 03, 04 и 05. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | за кредитната изложеност, согласно со прилогот бр. 4 од ова упатство, има шифра 014 и 015.<br>Известувањето за шифрите 018 и 019 започнува од 1 декември 2014 година. | |
| 37 | кодЗ | Матичен број/ЕМБГ на правното/физичкото лице **(жирант/кокредитобарател)**.<br>Доколку нема жирант/кокредитобарател, во ова поле се внесува: -1. | Да, освен за типовите = 03, 04 и 05. |
| 37-а | данбрЗ | Даночен број на жирантот/кокредитобарателот. | Да, освен ако кодЗ = -1. |
| 38 | називЗ | Назив на жирантот/кокредитобарателот. | Да, освен ако кодЗ = -1. |
| 39 | имеЗ | Име на жирантот/кокредитобарателот. | Да, освен ако кодЗ = -1. |
| 40 | презимеЗ | Презиме на жирантот/кокредитобарателот. | Да, освен ако кодЗ = -1. |
| 40-а | тип | З - жирант<br>К - кокредитобарател<br>Се однесува на податоците од полето бр. 37, 37-а, 38, 39 и 40. | Да, освен ако кодЗ = -1. |
| 41 | усогласена ДП | **Усогласена девизна позиција** на клиентот<br>Д - усогласена девизна позиција<br>Н - неусогласена девизна позиција<br>Ова поле се пополнува заклучно со 30 ноември 2014 година. | Да, освен за типовите = 03, 04 и 05. |
| 41-1 | усогласена ДП | **Усогласена девизна позиција** на клиентот. При пополнувањето на оваа колона се користат шифрите:<br>Д1 - нето-извозници;<br>Д2 - правни лица кај кои цената на доминантниот производ зависи од движењата на цената на тој производ на светските берзи;<br>Д – останати правни лица и физички лица со усогласена девизна позиција;<br>Н – правни и физички лица со неусогласена девизна позиција.<br>Ова поле се пополнува од 1 декември 2014 година. | Да, освен за типовите = 03, 04 и 05 и за исклучоците пропишани во точката 29 став 6 од Одлуката за управување со кредитниот ризик. |
| 42 | ГлавницаВП (3) | Главница на крајот на месецот (согласно со Одлуката за дополнување на Одлуката за супервизорските стандарди за регулирање на достасаните, а ненаплатени побарувања на банките и штедилниците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/98)). | Да |
| 43 | КаматаВП (4) | Камата на крајот на месецот (согласно со Одлуката за дополнување на Одлуката за супервизорските стандарди за регулирање на достасаните, а | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ненаплатени побарувања на банките и штедилниците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/98)). | |
| 44 | дрПобарВП (5) | Други побарувања на крајот на месецот (согласно со Одлуката за дополнување на Одлуката за супервизорските стандарди за регулирање на достасаните, а ненаплатени побарувања на банките и штедилниците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/98)). | Да |
| 45 | вкИзлозеностВП | Вкупна изложеност: збир од износите од полињата 42, 43 и 44. | Да |
| 46 | ГлавницаОП (3) | Состојба на **отпишаната главница** на крајот на месецот. Не се внесуваат мали износи на поединечно незначајни побарувања, согласно со регулативата на Народната банка за управување со кредитниот ризик. | Да, освен за исклучоците предвидени во колоната 3. |
| 47 | КаматаОП (4) | Состојба на **отпишаната камата** на крајот на месецот. Не се внесуваат мали износи на поединечно незначајни побарувања, согласно со регулативата на Народната банка за управување со кредитниот ризик. | Да, освен за исклучоците предвидени во колоната 3. |
| 48 | дрПобарОП (5) | Состојба на **другите отпишани побарувања** на крајот на месецот. Не се внесуваат мали износи на поединечно незначајни побарувања, согласно со регулативата на Народната банка за управување со кредитниот ризик. | Да, освен за исклучоците предвидени во колоната 3. |
| 49 | вкИзлозеностОП | **Вкупна отпишана изложеност**: збир од износите од полињата 46, 47 и 48. | Да |
| 50 | називСерт | **Назив на сертификатот којшто ќе се прифаќа за внесување податоци** | Да |
| 51 | тел | **Телефон за контакт** | Да |
| 52 | е-пошта | **Електронска пошта за контакт** | Да |

## Прилог бр. 2

Шифри за трговците на мало

| код | Трговци на мало |
|---|---|
| 1901 | Земјоделство |
| 1902 | Трговија |
| 1903 | Други услужни дејности |
| 1904 | Останати дејности |

## Прилог бр. 3

Шифри за намената на кредитите на физичките лица/населението

| код | Намена |
|---|---|
| 1801 | Кредити за купување и реновирање станбен простор |
| 18011 | Кредити за купување и реновирање деловен простор |
| 1802 | Потрошувачки кредити |
| 1803 | Пречекорувања на трансакциски сметки |
| 1804 | Кредити врз основа на издадени кредитни картички |
| 18041 | Автомобилски кредити |
| 1805 | Други кредити |

# Прилог бр. 4

Шифри за видот на обезбедувањето

| код | Вид обезбедување |
|---|---|
| 001 | Паричен депозит/депо |
| 002 | Гаранции и хартии од вредност издадени од РМ |
| 003 | Хартии од вредност (со исклучок на хартиите од вредност издадени од РМ) |
| 004 | Гаранции од финансиски институции |
| 005 | Гаранции издадени од правни лица |
| 006 | Станбен простор за живеење и издавање за живеење |
| 007 | Друг станбен простор |
| 008 | Деловен простор |
| 009 | Магацински простор |
| 010 | Производствени капацитети |
| 011 | Друг недвижен имот |
| 012 | Моторни возила |
| 013 | Други подвижни предмети |
| 014 | Жиранти и меници |
| 015 | Кокредитобарател |
| 016 | Останато обезбедување |
| 017 | Необезбедено |
| 018 | Залог на побарувања од Република Македонија |
| 019 | Залог на побарувања, освен побарувањата од Република Македонија |

**Прилог бр. 5**

Шифри за населеното место (општината)

| код | Населено место (општина) |
|---|---|
| 101 | Арачиново |
| 102 | Берово |
| 103 | Битола |
| 104 | Богданци |
| 105 | Боговиње |
| 106 | Босилово |
| 107 | Брвеница |
| 108 | Валандово |
| 109 | Василево |
| 110 | Вевчани |
| 111 | Велес |
| 112 | Виница |
| | |
| 114 | Врапчиште |
| 115 | Гевгелија |
| 116 | Гостивар |
| 117 | Градско |
| 118 | Дебар |
| 119 | Дебарца |
| 120 | Делчево |
| 121 | Демир Капија |
| 122 | Демир Хисар |
| 123 | Дојран |
| 124 | Долнени |
| | |
| 126 | Желино |
| | |
| 128 | Зелениково |
| 129 | Зрновци |
| 130 | Илинден |
| 131 | Јегуновце |
| 132 | Кавадарци |
| 133 | Карбинци |
| 134 | Кичево |
| 135 | Конче |
| 136 | Кочани |
| 137 | Кратово |
| 138 | Крива Паланка |
| 139 | Кривогаштани |
| 140 | Крушево |
| 141 | Куманово |
| 142 | Липково |

| | |
|---|---|
| 143 | Лозово |
| 144 | Маврово и Ростуше |
| 145 | Македонски Брод |
| 146 | Македонска Каменица |
| 147 | Могила |
| 148 | Неготино |
| 149 | Новаци |
| 150 | Ново Село |
| | |
| 152 | Охрид |
| 153 | Петровец |
| 154 | Пехчево |
| 155 | Пласница |
| 156 | Прилеп |
| 157 | Пробиштип |
| 158 | Радовиш |
| 159 | Ранковце |
| 160 | Ресен |
| 161 | Росоман |
| 162 | Старо Нагоричане |
| 163 | Свети Николе |
| 164 | Сопиште |
| 165 | Струга |
| 166 | Струмица |
| 167 | Студеничани |
| 168 | Теарце |
| 169 | Тетово |
| 170 | Центар Жупа |
| 171 | Чашка |
| 172 | Чешиново и Облешево |
| 173 | Чучер Сандево |
| 174 | Штип |
| 175 | Аеродром |
| 176 | Бутел |
| 177 | Гази Баба |
| 178 | Ѓорче Петров |
| 179 | Карпош |
| 180 | Кисела Вода |
| 181 | Сарај |
| 182 | Центар |
| 183 | Чаир |
| 184 | Шуто Оризари |
| 185 | Град Скопје |

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

ISSN 0354-1622

2014014

Претплатата за 2014 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.